РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР УП-1-10-15
26.05 20 23 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Центар за економски анализи, Бул. Јане Сандански 63/3, 1000 Скопје, со број УП-1-10-15 од 17.05.2023 година, Градоначалникот на Општина Ресен на ден 25.05.2023 го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Центар за економски анализи Бул. Јане Сандански 63/3, 1000 Скопје, заверено под број УП-1-10-15 од 25.05.2023 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен, **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Центар за економски анализи, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 17.05.2023 година заверено под број УП-1-10-15 со кое побара преку е-маил да му биде доставен електронски запис од следната информација:

Буџет за 2023 година, граѓански буџет, извештај од надворешна ревизија, отчет за 2022 година, граѓански форум во 2022 година, начинот на известување на граѓани за статусот на имплементација на нивните предлози вклучени во буџетот, стратегија за управување со ризици, присутство на граѓани на седниците на совет, начинот кој ги информира општината граѓаните за јавните трибини и дали власта организирала јавна расправа за завршната сметка за 2022 година.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен го информира за следното:

Предлог буџетот за 2023 година доставен до Советот на Општина Ресен на 28.12.2022 година, е целосно усвоен без никакви измени. Усвоениот буџет на Општина Ресен за 2023 година е објавен на веб страната на општината службен гласник бр.16 од 28.12.2022 година, Општина Ресен нема Граѓански буџет, извештај од надворешна ревизија 2018-2022 год нема – последен извештај има за 2015 година и објавен е на веб станата на Општина Ресен. Организирани се два граѓански форуми за вклучување на граѓаните во носење на локални политики за буџетот на општината во прилог Ви доставуваме соодветна документација (записници) од спроведените граѓански форуми, граѓаните не се известени дали нивнитет предлози се вклучени во програмите за буџетот. Седниците на Советот се јавни – Одлуката за исклучување на присуството на јавноста се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот кога тоа го бараат интересите на

безбедноста одбраната или кога се разгледува прашање од доверлив карактер, заинтересаните граѓани можат да присуствуваат на седниците на Советот по претходно одобрение од Претседателот на Советот. Општината граѓаните ги информира на следното: општинската веб страна редовно се објавуваат дневен ред од седницата на Советот и во службени гласници се објавуваат донесените акти. Општината за 2022 година нема организирано јавна расправа за завршна сметка, на седницата на Советот при изгласање на завршна сметка немаше присутни граѓани.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Прилог: 2 (два) записници од дебатите креирање на буџет, отчет за 2022г, стратегија за управување со ризици**

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

Изработил: Аријан Лумани

Контролирал: Зухра Алиовска

Одобрил: Дијана Кремшовска

Доставено до:
-архива
-барател на информација